ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-068/1
30.05.2016 год.
СКОПЈЕ

Здружение на новинарите на Македонија

Финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор

За годината која завршува на 31.12.2015

Март, 2016

Содржина

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР 3

ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31.12.2015 НА *"ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА"* 5

БИЛАНС НА ПРИЛИВИ И ОДЛИВИ 5

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ОБВРСКИТЕ И ФОНДОВИТЕ 6

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ 7

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ 7
2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА 8
3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ 8

Признавање на приходи 8

Признавање на расходи 9

Капитални расходи 9

Пресметување на странски средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики 9

Недвижности, постројки и опрема 9

Побарувања 10

Пари и парични еквиваленти 10

Обврски кон добавувачи и останатите обврски 10

Фондови и резерви 10

Ревалоризација 11

Придонеси за пензиско-инвалидско осигурување и обврски по основ на престанок на работниот однос. 11

4. ПРИХОДИ ОД КИРИИ И ЗАКУПНИНИ 11
5. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ 11
6. ПРИХОДИ ОД ЧЛЕНАРИНИ И ДРУГИ ПРИХОДИ 12
7. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ 12
8. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ 12
9. ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ 13
10. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ 13
11. ДРУГИ РАСХОДИ 14
12. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА 15
13. ПОБАРУВАЊА 15
14. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА 16
15. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА 16

16. ТРОШОЦИ ПРЕНЕСЕНИ ВО НАРЕДЕН ПЕРИОД 16
17. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ 16
18. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ 16
19. ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ 16
20. ОБВРСКИ ЗА ПРИМЕНИ ДОНАЦИИ ВО ПАРИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ 17
21. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ 17

Ефект плус
ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
Бул.Кузман Ј. Питу бр.15 лок 11, audit@macedonia.cc тел: 02/2465-243, 2401-371; Факс 02/2401-372

До

Собранието и Управниот одбор на

Здружението на новинарите на Македонија

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Здружението на новинарите на Македонија – Скопје за 2015 година (Во натамошниот текст ЗНМ Скопје), кои вклучуваат биланс на состојбата на ден 31.12.2015 година и биланс на приходи и расходи за периодот кој што завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење финансиските извештаи, во сите значајни аспекти, даваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на 31.12.2015 година, и приходите и расходите за годината која завршува на тој ден во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Македонија.

Останати прашања

Споредбените информации-кореспондирачките податоци за претходниот период 2014, не се ревидирани ниту од нас ниту од друг ревизор.

Овластен ревизор кој ја вршел ревизијата:

Миов Николаки

Друштво за ревизија ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ СКОПЈЕ

Управител:

Миов Николаки

Друштво за ревизија ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ СКОПЈЕ

Скопје, 31.03.2016

ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31.12.2015 НА *"ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА"*

БИЛАНС НА ПРИЛИВИ И ОДЛИВИ

	белешки	2015 во денари	2014 во денари (неревидирани)
Приливи		**5.438.874**	**4.935.753**
Приходи од кирии и закупнини	(4)	865.005	1.046.995
Приходи од донации	(5)	4.330.556	3.266.771
Приходи од членарини и други приходи	(6)	189.248	179.500
Финансиски приходи	(7)	221	287
Пренесен дел од вишокот на приходи		53.844	442.200
Одливи		**(5.355.095)**	**(4.770.123)**
Материјални расходи и услуги	(8)	(1.033.426)	(911.926)
Плати и надоместоци од плати	(9)	(1.309.445)	(1.177.167)
Капитални расходи	(10)	(76.141)	(87.544)
Помошти, донации и други давачки		(96.265)	(611.501)
Други расходи	(11)	(2.839.818)	(1.981.985)
Приливи над одливи пред данок од добивка		**83.779**	**165.630**
Данок на непризнати расходи		(59.056)	(111.771)
Нето приходи над расходи		**24.723**	**53.859**

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Раководството на ЗНМ на ден 31.03.2016

За Здружението на новинарите на Македонија

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ОБВРСКИТЕ И ФОНДОВИТЕ

	белешки	2015 во денари	2014 во денари неревидирани
СРЕДСТВА			
Нетековни средства		**2.529.079**	**2.600.788**
Недвижности, постројки и опрема	(12)	2.529.079	2.600.788
Тековни средства		**1.017.775**	**1.471.568**
Побарувања	(13)	3.394	209.401
Останати побарувања	(14)	41.320	-
Парични средства	(15)	929.260	1.183.076
Трошоци пренесени во наредeн период	(16)	43.801	79.091
Вкупно средства		**3.546.854**	**4.072.356**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Извори на средства (фондови)		**2.838.961**	**2.910.670**
Деловен фонд		2.835.490	2.907.199
Резервен фонд		3.471	3.471
Тековни обврски		**683.169**	**146.685**
Обврски спрема добавувачи	(17)	43.921	79.091
Останати краткорочни обврски	(18)	1.000	-
Обврски за даноци	(19)	2.799	67.594
Обврски за примени донации во пари од меѓународни организации	(20)	635.449	-
Пасивни временски разграничувања		**-**	**961.157**
Дел од вишокот на приходи за пренос во наредната година		**24.724**	**53.844**
Вкупно извори на средства и обврски		**3.546.854**	**4.072.356**

За Здружението на новинарите на Македонија

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Здружението на новинарите на Македонија е здружение на граѓани формирано со слободно здружување на новинарите во Република Македонија, заради остварување на професионалните интереси во заштитата на правото и слободата на професијата, јавното информирање и јакнењето на професионалната самостојност и етика.

Здружението на новинарите на Македонија дејствува на територијата на Република Македонија и е независно, самостојно, невладино, непартиско и непрофитно здружение на доброволно здружени новинари, кои дејствуваат на или од територијата на Република Македонија.

Здружението на новинарите на Македонија е основано на 17.02.1946 година.

Општата цел и задача на Здружението на новинарите на Македонија е дејствување низ сите допуштени облици во насока на унапредување на општествениот и правниот амбиент за развој и постоење на новинарството и новинарската професија.

Во Централниот Регистар на Република Македонија Здружението е регистрирано со следните информации:

Полното име на Здружението: Здружение на новинарите на Македонија.
Скратеното назив на здружението: ЗНМ Скопје
Датум на основање: 21.10.1980
Седиште на Здружението: Бр. Градски / sид –блок 13, Скопје- Центар
ЕДБ: 4030980155413
ЕМБС: 4067568
Претежна дејност на Здружението: 63.91 Дејности на новинските агенции.

Структура

Претседател и лице овластено за застапување на Здружението: Насер Селмани

Собранието како највисоко тело на ЗНМ го избира Претседателот, Управниот одбор, Надзорниот одбор и членовите на Советот на честа

Членови на органите на ЗНМ:

Претседател: Насер Селмани – новинар
Извршен директор: Драган Секуловски

Управен одбор:
Томислав Кежаровски, новинар
Зоран Димитровски, Фокус
Гоце Михајлоски, ТВ21
Бенјамин Арифи, Алсат М
Иван Бојаџиски, Утрински, Штипски Глас
Ристо Тасев, Утрински, дописник

Мишко Иванов, 24 Вести
Зоран Андонов, Вест, Дневник
Стојанче Наумов, новинар
Фиљана Кока, МРТВ
Миомир Серафиновиќ, Телма
Кристина Мачкиќ, Телма
Бесим Илјази, Коха
Нецат Акифи, МРТ

Надзорен Одбор:

Членови:
Дарко Чекеровски - Телма
Башким Сулејмани , Алсат М
Мира Костиќ, МРТ
Соња Колевска Делевска, Вест
Тони Михаилов, ТВ Стар
Џенис Сулимани, Лајм
Хусаметин Гина, Балкон 3

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА

Финансиските извештаи се подготвени во согласност со прописите на Република Македонија за непрофитни организации.

Финансиските извештаи се засновани на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции и на претпоставката за континуитет. Финансиските извештаи се подготвени во согласност со усвоените сметководствени политики обелоденети во белешката три.

Функционална валута на Здружението на новинарите на Македонија е македонскиот денар.

Финансиските извештаи и сите износи во нив се прикажани во македонски денари и се изготвени врз основа на податоците од работењето за период до 31.12.2015 година споредени со податоците од 01.01-31.12.2014 година.

3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при составувањето на овие финансиските извештаи се следните:

Признавање на приходи

Приходите се признаваат според сметководственото начелото на модифицирано настанување на деловни промени односно трансакции. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположиви кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот периодот под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

(продолжува на наредната страна)

(продолжува од претходната страна)

Приходите по основ на членарини се признаваат во моментот на уплата.

Приходите од камати се признаваат соодветно на времето кое што го рефлектира ефективниот принос на средства под услов да се наплатени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период.

Приходи од донации кои се однесуваат на повеќе пресметковни периоди се разграничуваат по периоди врз основа на совпаѓање со трошоците во периодот, за проектот финансиран со соодветната донација. Делот кој не е признаен на приход се искажува за донацијата во периодот.

Признавање на расходи

Расходите се признаваат според сметководственото начелото на модифицирано настанување на деловни промени односно трансакции, односно се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

Согласно Законот за данокот од добивка, Здружението на новинарите на Македонија пресметува данок на добивка од сопствени приходи зголемен за непризнати расходи, по стапка од 10%.

Капитални расходи

Капиталните расходи се признаваат кога набавените средства ја зголемуваат очекуваната идна економска полезност од нематеријалните средства. Капиталните расходи се евидентираат кога се набавуваат фиксни средства или истите се доработуваат со што се додава вредност на веќе постоечките фиксни средства. Истите се евидентираат како средство во билансот и се евидентираат во деловниот фонд на Здружението на новинарите на Македонија.

Пресметување на странски средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Пресметка на сите побарувања и обврски во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност, се искажуваат по средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат.

Вредноста на еврото на 31.12.2015 година според овој курс изнесува 61,5947 денари.

Недвижности, постројки и опрема

Едно средство се признава како опрема кога е сигурно дека субјектот го поседува истото и дека од него ќе остварува идни економски користи и кога трошоците за негово стекнување можат објективно да се измерат.

Набавната вредност на едно средство ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, во кои влегуваат:

- фактурна вредност на средството (намалена за евентуалните попусти и рабати);
- царините и даноците при неговата набавка;
- трошоци за подготвување на местото;
- иницијални трошоци во врска со испорака и ракување;

- трошоци за монтажа и
- надомести на експерти поврзани со средството.

Опремата тековно се вреднува според набавна, историска вредност, намалена за акумулираната амортизација. Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се искажуваат во рамките на административни и трошоци на продажба. Во случај на расходување или отуѓување на средствата, нивната неамортизирана вредност се искажува во рамките на останати расходи. Вредноста на средствата до 100 евра во денарска противвредност се евидентира како ситен инвентар.

Издатоците направени за време на употреба на материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Здружението.

Пресметката на амортизација е според праволиниска метода на отпис според пропишаните годишни стапки на амортизација за 2015 година се следните:

Опис	2015
Вложувања во недвижности	1%
Компјутери	20%
Мебел	10%
Останато	10-20%

Побарувања

Побарувањата се признаваат според пресметаните износи согласно законските прописи.

Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциски сметки, до тримесечни депозити во банки. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута во денари според курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

Обврски кон добавувачи и останатите обврски

Обврските кон добавувачи и останатите обврски се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Фондови и резерви

Фондовите претставуваат трајни извори на средства за работење на Здружението, кој ги опфаќа иницијалните, како и дополнително вложените и стекнати средства.

Деловниот фонд на средствата ги опфаќаат изворите на капиталните средства и другите средства како и резервите на материјали, резервните делови, ситниот инвентар и хартиите од вредност.

Ревалоризација

Ревалоризацијата се врши на долгорочните средства поради нивно повторно вреднување со примена на стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи, објавена од Државниот завод за статистика.

Основица за ревалоризација е набавната вредност на средствата и нивната сметководствено искажана акумулирана амортизација. Резултатот се искажува во рамки на ревалоризационите резерви.

Придонеси за пензиско-инвалидско осигурување и обврски по основ на престанок на работниот однос

Здружението врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во националниот фонд и преку него до приватни пензиски фондови за поедини вработени. Агенцијата нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Здружението нема направено резервирање за права на вработените по престанок на работниот однос, бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи и веројатноста за нивно настанување во догледно време е исклучително ниска.

4. ПРИХОДИ ОД КИРИИ И ЗАКУПНИНИ

Приходите од кирии и закупнини на 31.12.2015 година изнесуваат 885.005 денари (2014: 1.046.995 денари). Износот го сочинуваат приходи по основ на закупнини на деловен простор.

5. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ

Приходите од донации се наменски средства за однапред договорени активности и заклучно со 31.12.2015 година изнесуваат 4.330.556 денари (2014: 3.266.771 денари).

Донатор	Износ
Стејт Департмент	573.049
Амбасадата на Обединетото Кралство	929.207
Германска амбасада	1.469.396
Француска амбасада	334.426
Оне АД Скопје	12.192
Швајцарска амбасада во Република Македонија	1.012.286
Вкупно	**4.330.556**

Стејт Департментот на 29.09.2014 има доделено Грант на ЗНМ за проект со период на имплементација од 30.09.2014 до 30.09.2015, истиот се однесува на подршка на проектот "Промоција на фотографиите во новинарството во Република Македонија". Грантот изнесува $ 15.000. Заклучно со 31.12.2015 приливот од овој грант изнесува 573.049 Денари.

Во 2015 ЗНМ продолжува со имплементација на проектот "Развој на политика на инклузивни медиуми" со период на имплементација од 01.05.2014 до 30.11.2015. Вкупниот износ на грантот е £ 45.507. Приходот по основ на овој грант заклучно со 31.12.2015 изнесува 929.207 Денари.

Во 2014 година Здружението на Новинарите на Македонија има потпишано договор со Германската Амбасада за Грант во вкупен износ од 21.350 Евра за проектот: "Мониторирање и имплементација на законодавството за медиумите и судските практики во Република Македонија". Приходот од овој грант заклучно со 31.12.2015 изнесува 1.469.396 Денари.

Во 2014 година Здружението на Новинарите на Македонија потпиша договор со Француската Амбасада во Македонија 03-054/1 со датум 15.04.2014 година со кој Француската амбасада се обврзува да достави барање до Француската Агенција за развој (АФД) и да исплати субвенција од 8.388 Евра. ЗНМ се обврзува да спрооведе набљудување на низа активности поврзани со работата на јавните институции и медиумите. Приходот од овој договор заклучно со 31.12.2015 изнесува 334.426 Денари.

Во 2015 година Здружението на Новинарите на Македонија има потпишано договор според кој добива Институционален Грант од страна на ЦИВИКА МОБИЛИТАС-проект на Швајцарската агенција за соработка и развој, претставена од Швајцарската Амбасада во Република Македонија-донатор. Според договорот максималниот износ на Грантот изнесува 1.531.881 за првата година, која го опфаќа периодот од 01.04.2015 до 31.03.2016, со можност за продолжување на најмалку две последователни години. Целта на грантот е да даде неповратна, наменска, финансиска подршка со цел да му помогне да развие и спроведе активности за институционален развој и организациско јакнење. Приходот од овој договор заклучно со 31.12.2015 изнесува 1.012.286 Денари.

6. ПРИХОДИ ОД ЧЛЕНАРИНИ И ДРУГИ ПРИХОДИ

опис	2015	2014
Приходи од членарини	92.400	179.500
Други приходи	96.848	-
Вкупно	**189.248**	**179.500**

7. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

опис	2015	2014
Приходи од камати	221	287
Вкупно	**221**	**287**

8. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ

опис	2015	2014
Потрошени материјали	83.108	70.475
Потрошена енергија	162.602	187.173
Инвестиционо одржување на средствата	-	32.525

Други услуги	142.748	68.744
Превозни -транспортни услуги	164.583	156.913
Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	379.492	338.551
Наемнини	85.710	42.639
Други материјални расходи	15.183	14.906
Вкупно	**1.033.426**	**911.926**

Износот на потрошени материјали го сочинува потрошен канцелариски материјал во износ од 41.137 денари, средства за хигиена во износ од 11.756 денари, отпис на ситен инвентар во износ од 25.619 денари и други трошоци во износ од 4.596 денари.

Во други услуги се вклучени трошоци за одржување на деловни простории во износ од 6.691 денари, услуги за печатење во износ од 119.692 денари, трошоци за одржување на возило во износ од 1.390 денари, трошоци за сервисирање на опрема во износ од 13.358 денари и други услуги во износ од 1.617 денари.

Во наемнини се вклучени трошоци за закуп на конгресни сали и соодветна опрема за одржување на семинари и други активности.

Во други материјални расходи се вклучени трошоци за претплата на весник во износ од 1.200 денари, судски и административни такси во износ од 4.129 денари, трошоци за регистрација на возило во износ од 4.548 денари, трошоци за паркинг и патарина во износ од 5.025 денари и други трошоци во износ од 281 денари.

9. ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

Опис	**2015**	**2014**
Вкалкулирани плати	1.309.445	1.177.167
Вкупно	**1.309.445**	**1.177.167**

Бројот на вработени на 31.12.2015 изнесува 2 лица (2014: 3лица). Вкалкулираните плати на 31.12.2015 година изнесуваат вкупно 1.309.445 денари. Износот се состои од:

Вкалкулирани плати	**Износ**
Нето плата	882.984
Придонеси од плата	355.754
Персонален данок од плата	70.707
Вкупно	**1.309.445**

10. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Капиталните расходи заклучно со 31.12.2015 изнесуваат 76.141 денари (2014: 87.544 денари) и се однесуваат на набавки на канцелариска опрема.

11. ДРУГИ РАСХОДИ

опис	2015	2014
Провизија за платен промет	44.840	37.865
Премии за осигурување	14.518	12.248
Дневници за службени патувања и патни трошоци	423.794	243.755
Издатоци за меѓународна соработка	135.124	61.661
Негативни курсни разлики	-	264
Членарини	600	1.200
Интелектуални и други услуги	2.036.383	1.543.633
Останати други расходи	184.559	81.359
Вкупно	**2.839.818**	**1.981.985**

Дневници за службени патувања и патни трошоци заклучно со 31.12.2015 изнесуваат 423.794 денари [2014: 243.755 денари]. Износот го сочинуваат трошоци по основ на :

Дневници за службени патувања и патни трошоци	**Износ**
Дневници за службени патувања во земјата	16.014
Дневници за службени патувања во странство	41.799
Патни трошоци за службено патување во земјата	119.256
Патни трошоци за службено патување во странство	42.391
Сместување во земјата	181.060
Сместување во странство	23.274
Вкупно	**423.794**

Интелектуални и други услуги заклучно со 31.12.2015 изнесуваат 2.036.383 денари (2014: 1.543.633 денари). Износот го сочинуваат расходи по основ на :

Опис	**Износ**
Интелектуални и други услуги	170.641
Договор на дело	804.389
Сметководствени-финансиски услуги	70.800
Авторски хонорари	968.253
Друго	22.300
Вкупно	**2.036.383**

(продолжува на наредната страна)

(продолжува од претходната страна)

Трошоците за интелектуални услуги се однесуваат на трошоци за исполнување на усуги од надворешни физички лица и трговски друштва поврзани со активностите на ЗНМ.

Договорите на дело и авторките хонорари се однесуваат на трошоци за исплата на ангажирани стручни лица и тоа за услуги за спроведување на повеќе обуки, понатаму за лица кои организираат регионални средби на новинарите, за изработка на извештаи со анализи и препораки, превод и литература од Македонски на Албански јазик, публикација за клевета и навреда и други услуги поврзани со проектните активности на ЗНМ.

12. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

Почетната состојба, промените во текот на 2015 година и состојбата на нетековните средства на 31.12.2015 е следна:

Опис	Нематеријални средства	Градежни објекти	Опрема	Мебел	Превозни средства	Вкупно
Набавна вредност						
Состојба со 01.01.2015	50.545	2.627.321	526.552	387.327	529.635	4.121.380
Зголемување/(намалување)	-	-	(131.440)	-		(131.440)
Ревалоризација	-	-	-	-	-	-
Состојба со 31.12.2015	**50.545**	**2.627.321**	**395.112**	**387.327**	**529.635**	**3.989.940**
Акумулирана исправка на вредноста						
Состојба со 01.01.2015	24.289	370.682	303.785	292.202	529.635	1.520.593
Трошок за годината-аморт.	10.104	26.268	68.058	19.738	-	124.168
Отуѓувања	-	-	(183.898)	-	-	(183.898)
Ревалоризација	-	-	-	-	-	-
Состојба со 31.12.2015	**34.393**	**396.950**	**187.945**	**311.940**	**529.635**	**1.460.863**
Преостаната вредност на 31.12.2015	**16.152**	**2.230.371**	**207.167**	**75.387**	**-**	**2.529.077**
Преостаната вредност на 31.12.2014	**26.256**	**2.256.639**	**222.767**	**95.125**	**-**	**2.600.787**

13. ПОБАРУВАЊА

опис	2015	2014
Побарувања од купувачи	-	209.401
Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции	3.394	-
Вкупно	**3.394**	**209.401**

14. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

Износот на останати побарувања, се однесува на побарувања за повеќе платени даноци за 2015 изнесува 41.320 денари. (2014: 0 денари).

15. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Износот на паричните средства со кои располага Здружението на 31.12.2015 е следен:

опис	2015	2014
Жиро сметки	924.284	1.177.355
Благајна	4.306	925
Девизна сметка	670	4.796
Вкупно	**929.260**	**1.183.076**

16. ТРОШОЦИ ПРЕНЕСЕНИ ВО НАРЕДЕН ПЕРИОД

Износот од 43.801 денари се однесува на неплатени обврски до 31.01.2016 година за пресметковниот период. (2014: 79.091 денари).

17. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

Обврските кон добавувачи на 31.12.2015 година изнесуваат 43.921 денари (2014: 79.091 денари).

Износот го сочинуваат обврски спрема следните добавувачи:

Коминтент	Салдо
Веда Агенција	98
Т-Мобиле	14.307
ЕВН Скопје	17.531
ЈП Комунална Хигиена	1.386
Комбо 2003 Куманово	1.780
Македонски Телеком	2.244
ЈП Водовод и Канализација	1.005
Ксемак-Д ДОО Скопје	4.484
Полиестердеј	95
Пастор С-9	991
Вкупно	**43.921**

18. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Останатите краткорочни обврски се однесуваат на неплатени обврски за службен пат за 2015 година изнесуваат 1.000 Денари (2014: 0 денари).

19. ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ

Обврските за даноци се однесуваат на обврски за персонален данок по основ на настанати, но неисплатени дополнителни лични примања на надворешно ангажирани лица и истите за 2015 година изнесуваат 2.799 денари (2014: 67.594 денари).

20. ОБВРСКИ ЗА ПРИМЕНИ ДОНАЦИИ ВО ПАРИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Обврските за примените донации во пари од меѓународните организации за 2015 година изнесуваат 635.449 денари (2014: 0 денари).

21. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Нема значајни настани кои се случиле по датумот на билансот на состојба, а кои треба да бидат обелоденети во овие финансиски извештаи.